# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

# ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

# ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| **НАСТАВНИ ТЕМИ** | |
|---|---|
| 1. ЦРТАЊЕ | 15 часа |
| 2. СЛИКАЊЕ | 9 часа |
| 3. ПЕЧАТЕЊЕ | 5 часа |
| 4. ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ | 7 часа |
| **ВКУПНО** | 36 часа |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | I –ПРВО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Цртање<br>2. Сликање<br>3. Печатење<br>4. Пластично обликување |
| **Број на часови** | 1 часа неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ Аудиовизуелни средства: Телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла (смарт-табла), таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди.<br>✓ Интернет, образовни софтвери.<br>✓ Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни материјали, штафелаи...).<br>✓ Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, посета на музеи и ликовни изложби и др.).<br>✓ Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни и вештачки материјали).<br>✓ Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.).<br>✓ Средства за пластично обликување (пластелин, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br>✓ Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил и др.). |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : ЦРТАЊЕ** | Време на реализација 15 часа |
| **Изготвил :** Весна Бошковска | ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ - Скопје |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**
**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ препознава, разликува и користи средства за цртање;
- ✓ црта едноставен цртеж, користејќи ги основните ликовни елементи во цртањето;
- ✓ се претставува себе и своите најблиски преку цртеж и црта предмети и појави од околината;
- ✓ конструира едноставни цртежи на компјутер.

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **Активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни средства и материјали за цртање**<br><br>(хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање). | Препознава и именува различни средства и материјали за цртање<br><br>Именува подлоги и материјали за цртање | 3 | Преку техниката бура на идеи се проверуваат предзнаењата на учениците за средствата и материјалите за цртање .<br>* Учениците се запознаваат со хигиенските навики при ликовното изразување.<br>1. Ставам подлога за ликовно изразување.<br>2. Подготвувам материјал за работа за цртање<br>3. Земам подлога за цртање (лист од блок или друг потребен материјал).<br>4. Земам молив, гума, фломастери, мрсни бои и сл.<br>5. Следам насоките од наставникот.<br>*Учениците следат презентација за основните средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали ) ги објаснува нивните карактеристики и својства.<br>Учениците добиваат насока да го нацртаат својот омилен материјал за цртање (молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери | Блок број 2<br>молив,<br>дрвени боици,<br>креди,<br>мрсни боици,<br>фломастери,<br>природни материјали | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>-практичната активност за време на часот<br><br>-изработените ликовни творби - цртање |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | * Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на користењето на средства за цртање. | | |
| **Основни средства и материјали за цртање**<br><br>(хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање). | Препознава и именува различни средства и материјали за цртање | | .*Учениците преку презентација се запознаваат со разни подлоги за цртање (хартија, картон, платно, пластика...)<br>*Учениците се поделени во мали групи.<br>Секоја група добива различни средства и материјали и подлоги за цртање.<br>Учениците добиваат насоки во дадени множества претходно изработени од волница, јаже, жица да ги определат средствата и материјалите за цртање во едно множество, а подлогата во друго множество).<br>Игра: „Погоди го материјалот и подлогата за цртање за цртање,,<br>Еден ученик покажува (молив, креда, мрсни боици, хартија, картон...) останатите ученици треба точно да го погодат материјалот, средствата и подлогата за цртање. | Блок , молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, хартија, природни материјали | |
| | Именува подлоги и материјали за цртање | | Учениците преку техниката ,,Бура на идеи,, ги искажуваат своите знаења за подлоги и материјали за цртање.<br>*Учениците, добиваат различни средства и материјали за цртање и цртаат едноставен цртеж<br>*Добиваат насоки за цртање на мотив „Предмети од училница“, каде ќе ги применат подлоги-хартија и ќе употребат со молив, дрвени боици, фломастери за цртање.<br>Учениците самостојно ликовно се изразуваат при што користат подлоги и соодветни средства и материјали.<br>* Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на користењето на подлога и избор на соодветен материјал и средства за цртање. | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни средства и материјали за цртање**<br><br>(хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање). | Прави разлика меѓу цртежи од различни материјали. | | *Учениците преку техниката ,,Грозд,, ги искажуваат своите знаења за изучените материјали средства и подлоги за цртање.<br>*Учениците се поделени во мали групи. Секоја група добива насока да користат различни различни средства и материјали за цртање.<br>Првата група добива насока секој ученик се црта себе со молив.<br>Втората група го црта најблиското другарчињата со дрвени боици.<br>Третата група ги црта членовите на семејството со фломастери.<br>* Анализа на изработките и воочување на разликите меѓу цртежите со употреба на различни материјали. | Блок,<br>молив,<br>дрвени боици,<br>фломастери,<br>хартија | - усните одговори на прашања ;<br>-практичната активност за време на часот;<br>-изработените ликовни творби-цртање,<br>-учеството во изработката на сопствените творби; |
| | Прави разлика меѓу цртежи од различни материјали. | 3 | Учениците преку игра се потсетуваат на хигиенско – техничките и работни навики.<br>1. Ставам подлога за ликовно изразување.<br>2. Подготвувам материјал за работа за цртање<br>3. Земам подлога за цртање (лист од блок или друг потребен материјал).<br>4. Земам молив, гума, фломастери, мрсни бои и сл.<br>5. Следам насоките од наставникот.<br>*Учениците одговараат на поставени прашања:<br>1.Кои предмети ги среќавате во околината?<br>2. Кои појави ги среќавате во околината?<br>3. Кои ви се омилените ликови од приказните?<br>Учениците се поделени во мали групи.Секоја група добива насока да користат различни различни средства и материјали за цртање .<br>Првата група црта предмети и појави од околината со мрсни боици.<br>Втората група црта предмети од домот и училиштето со дрвени боици. | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Анализа на изработките -воочување на разлики меѓу цртежите со употреба на различни средства за цртање | | |
| | | | Учениците одговараат на поставени прашања:<br>1. Која ви е омилена приказна?<br>2. Кои се ваши омилени ликови од приказните?<br>3.Која ви е омилена песна?<br>*Учениците користејќи различни средства и материјали за цртање цртаат омилени ликови од приказните и песничките.<br>Втората група црта омилените ликови од приказните со дрвени боички.<br>*Анализа на изработките | | |
| **Основи на ликовниот јазик во цртањето**<br><br>точка,<br>линија,<br>боја, | Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик. | 2 | Учениците излегуваа во блиската околина или училишниот двор.<br>Набљудуваат одредени предмети(дрвја, клупи, згради....)<br>Наставникот дава насоки по сопствен избор учениците да креираат ликовни творби со помош на набљудување на едноставен предмет.<br>Изложување на цртежите, разгледување и естетска анализа на истите. | Блок,<br>молив, | - усните одговори на прашања ;<br>-практичната активност за време на часот;<br>-изработените ликовни творби-цртање со примена на статични и динамични форми;<br>-учеството во изработката на сопствените творби.; |
| | | | Учениците раскажуваат за омилен лик од цртаните филмови.<br>Учениците добиваат насока илустративно да го претстават својот омилен лик од цртаните филмови.<br>*Изложба на ликовните творби и анализа на истите во однос на употребата линијата ,формата,големината | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| насока,<br>големина,<br>форма. | Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали | 2 | Наставникот ги запознава учениците со поимот точка и линија:<br>*Линија е продолжено движење на една точка.*<br>*Линија е права линија.*<br>*Линија е крива и права линија, дебела и тенка.*<br>Учениците добиваат насоки да цртаат на мотив „Есен“ применувајќи различни видови линии((хоризонтални, вертикални, брановидни, прави, криви, цик-цак Наставникот објаснува дека треба да применат ѝ комбинација на разни видови линии при цртање.<br>Учениците ликовно се изразуваат при што користат цртачки материјали и средства по избор од посочените.<br>* Анализа на ликовните творби преку употреба на ликовниот јазик<br><br>*Учениците претходно добиваат задачи да носат листови од дрвја. Се води дискусија за листовите за (формата,големината...)<br>*Наставникот дава насоки со употреба на разновидни линии да се нацртаат листовите.<br>*Учениците ги претставуваат со цртеж природните листови.<br>*Анализа на ликовните творби | Блок ,<br>молив,<br>дрвени боици,<br>фломастери,<br>хартија,<br>природни материјали | - усните одговори на прашања ;<br><br>-практичната активност за време на часот;<br><br>-изработените ликовни творби-сенчење,<br><br>-учеството во изработката на сопствени творби; |
| **Едноставен цртеж**<br><br>(цртеж,<br>линии: тенки,<br>дебели,<br>хоризонтални,<br>вертикални,<br>коси,<br>брановидни,<br>отворени, | Разликува и споредува различни видови линии. | 1 | *Учениците се поделени во групи. Секоја група добива насока на бел лист со молив да нацрта линии по избор(долги, кратки, прави, криви, тенки, дебели линии).<br>*Секој ученик добива картон може и во боја како подлога .Наставникот дава насока со помош на пластични вилушки да црта различни видови на линии долги, кратки, прави, криви, тенки, дебели линии. Пластичните вилушки ги фарба со водени боици и со истите повлекува различни видови на линии. | Картон во боја,<br>пластични вилушки,<br>водени боици | -усните одговори на прашања ;<br><br>-практичната активност за време на часот;<br><br>-изработените ликовни творби-цртање |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак | | | * Изложување на цртежите, разгледување и анализа со акцент на примена на различни видови на линии (долги, кратки, прави, криви, тенки, дебели линии). | | -учеството во изработката на сопствените творби; |
| | Црта предмети и објекти, користејќи различни линии | 3 | *Учениците излегуваат на прошетка во блиската околина.<br>Учениците се поделени во мали групи.Секоја група добива насоки да работи во тим.<br>Секоја група треба да изработи заеднички цртеж во кој ќе се претставaт предмети, појави и/или објекти од непосредната околина. Секоја група со цртање на оделни елементи од цртежот изработува една целина.<br>*Презентација на самостојната работа од страна на групите.Дискусија и анализа на ликовните творби.<br><br>Учениците преку квиз ги откриваат поимите(горе, што е долу, лево од, десно од, пред, зад..)<br>*Се води дискусија за предметите кои се во училницата или во блиската околина во која положба се наоѓаат.<br>*Учениците добиваат насоки да цртаат предмети по избор само да се запази положбата што е горе, што е долу, лево од, десно од, пред, зад..<br>*Анализа на цртежите во однос на употребуваните линии.<br><br>Учениците разговараат за изучениот текст на часот по македонски јазик.<br>*Учениците добиваат насоки со користење на разни видови линии да го илустрираат текстот.<br>*Анализа на самостојната работа | Хамер,<br>картон во боја,<br>молив,<br>дрвени боици,<br>мрсни боици,<br>фломастери | - усните одговори на прашања ;<br>-практичната активност за време на часот;<br>-изработените ликовни творби-цртање со препознавање на мотив;<br>-учеството во изработката на сопствените творби; |
| | Самостојно конструира едноставни цртежи на компјутер (себеси, | 1 | *****Преку мултимедијална презентација наставникот објаснува за создавање на цртежи со разни компјутерски програми **.**<br>*****Учениците цртаат или сликаат со наједноставниот програм Паинт или според условите да истражуваат на | | -Усни одговори на прашања; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | другарчето, со различни линии создава форми, на пример, круг, квадрат, триаголник, црта емотикони, сонце, дожд...). | | Интернет за програми за цртање и создадат дигитален цртеж.<br>*Анализа на цртежите и воочување на сличностите и разликите на истите. | | -Практичната активност за време на часот<br><br>- Изработените ликовни творби**;** |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : СЛИКАЊЕ** | Време на реализација 9 часа |
| **Изготвил :** Весна Бошковска | ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ - Скопје |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ користи различни материјали и средства за сликање;
- ✓ разликува основните бои и креативно да се изразува со нив;
- ✓ ги креира едноставни слики и колажи на компјутер, употребувајќи ги основните бои.

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни материјали, вештачки материјали...). | Препознава и именува различни подлоги, средства и материјали за сликање. | 1 | *Преку техниката ,,Бура на идеи,, се проверуваат предзнаењата на учениците за средства за сликање и нивна употреба во различни сликарски техники .<br>*Учениците следат презентација за да ги препознаат, именуваат различните подлоги средства и материјали за сликање.<br>*Наставникот демонстрира како се употребуваат и како се слика со материјалите за сликање.<br>* Учениците преку игра ги кажуваат хигиенските навики при ликовното изразување.<br>1. Ставам подлога за ликовно изразување.<br>2. Подготвувам материјал за работа за сликање<br>3. Земам подлога за сликање (лист од блок или друг потребен материјал).<br>4. Земам водени боици, четки,подлога за цртање<br>5. Следам насоките од наставникот. | водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни материјали, вештачки материјали | усните одговори на прашања ; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците преку игра одговараат на поставени прашања за да ги именуваат различните подлоги, средства и материјали за сликање. | | |
| | Применува различни подлоги и материјали во сликање | 1 | Учениците следат презентација за да се запознаат со начинот како да создадат творба преку различни постапки: капење прскање, дување, гребење.<br>*Учениците се поделени во групи.Секоја група добива различни насоки.<br>**Првата група слика со темперни бои. По нанесувањето на бојата потребно е со помош на четка за заби да поминат преку сликата и да направат текстура со гребење.<br>Втората група слика со темперни бои. По нанесувањето на бојата потребно е со помош на цевка да поминат преку сликата и да направат дување.<br>Третата група слика со темперни бои. Со помош на четката за сликање прави капење,прскање.<br>*** Изложување на цртежите, разгледување и дискусија за постапките: капење,прскање,дување и гребење. | блок.<br>темперни бои,<br>четки,<br>четка за заби,<br>цевки | усните одговори на прашања;<br><br>практичната активност за време на часот;<br><br>изработените ликовни творби преку постапките: капење, прскање, дување, гребење;<br><br>учеството во изработката на групни творби; |
| | Прави разлика меѓу слика и колаж | 1 | *Наставникот презентира слики изработени со колаж и дава објаснување за истите.<br>** Учениците се делат во групи. Секоја група има за задача по сопствен избор или на зададена тема да прави колаж со употреба на различни материјали(весници,списанија,листови во боја,хамери во боја,колаж во боја, темперни бои,четка) истите да ги комбинира со цел да направи една целосна ликовна творба по сопствено видување на групата.<br>*Потоа следи презентација на групната работа за техниката и постапката во сликање –колаж.<br>Дискусија и воочување на разликата. | весници,<br>фотографии,<br>списании,<br>листови во боја,<br>хамери во боја,<br>колаж во боја,<br>темперни бои,<br>четка | усните одговори на прашања ;<br><br>практичната активност за време на часот;<br><br>изработените ликовни творби со колаж; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | учеството во изработката на групни творби; |
| Основи на ликовниот јазик во сликањето (боја, големина, форма, простор). | Препознава и опишува слика со употреба на ликовниот јазик. | 1 | Со учениците се дискутира за нестандардните мерики(прст, педа, рака..)<br>*Учениците добиваат насоки со помош на прстите да сликаат. Еден прст да се намачка со боја и истиот да се нанесе на белиот лист по потреба . Потоа со помош на крпче да го бришат прстот.Постапката се повторува се додека не се добие ликовна творба. Учениците изработуваат творби од нестандардни ликовни материјали (сликање со прсти)<br>*Анализа за ликовната творба што ја добиле и разговор за изминатата активност | блок,<br>водени боици,<br>крпче за бришење | -усните одговори на прашања;<br>-практичната активност за време на часот;<br>-изработените ликовни творби со нестандардни ликовни материјали; |
| | Ги разликува сликарските поими и ликовните елементи. | 1 | *Наставникот им покажува на учениците предмети во различна боја.<br>Учениците ја погодуваат бојата од секој предмет (црвено моливче, сина гума, жолта панделка...).<br>Учениците добиваат насоки да сечат делови од хартија во боја (пример: кругови-црвена боја, квадрати – сина боја,триаголници-жолта боја).<br>Исечените делови да ги залепат на лист од блок и да направат колаж со основните бои. (пример: со кругови прават слика во црвена боја, со квадрати прават слика во сина боја, а со триаголници прават слика во жолта боја).<br>*Изложување на самостојната активност и повторување на основните бои(црвена, сина и жолта), | блок.<br>хартија во боја,<br>ножички,<br>лепак,<br>различни предмет( гума,молив,панде лк,тетратка, дрвени боици...) | усните одговори на прашања;<br><br>практичната активност за време на часот;<br><br>изработени ликовни творби од хартија во боја<br><br>учеството во изработката на самостојни творби; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слика и колаж**<br><br>(слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...). | Ги препознава и именува основните бои и нивните нијанси.<br><br>Користи основни бои и нивна моделација во сликањето. | 1 | Учениците следат слики за сите основни бои (црвена, жолта и сина) и нијанси на бои кои се добиваат.<br>*Наставникот со помош на основните бои (црвена, сина и жолта) го демонстрира начинот на добивање нијанси од основните бои.<br>Во чаша капнува црвена водена боица и со додавање вода прави посветли нијанси кои децата ги воочуваат. Постапката ја повторува и со сина и со жолта водена боица.<br>*Учениците ја следат постапката и истата ја повторуваат.<br>Поделени се во 3 групи.<br>Првата група добива насока со помош на основната боја црвена и додавање на вода да добие различни нијанси.<br>Втората група добива насока со помош на основната боја сина и додавање на вода да добие различни нијанси.<br>Третата група добива насока со помош на основната боја жолта и додавање на вода да добие различни нијанси.<br>*Учениците добиваат насока да сликаат на мотив: Пролет. Со употреба на основните бои (црвена, сина и жолта) и со помош на мешање на боите (црвена, сина и жолта) со вода добиваат потемни и посветли нијанси.<br>*Анализа на самостојните изработки и воочување на начинот на добивање на посветли и потемни нијанси | слики со основни бои,<br><br>водени боици,<br><br>четка,<br><br>пластична чаша<br><br>- | усните одговори на прашања;<br><br>практичната активност за време на часот;<br><br>учеството во изработката на самостојни творби; |
| | Слика познати ликови и предмети | 1 | *Учениците заедно со наставникот прават прошетка низ училишната зграда. | | усните одговори на прашања; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | од околината (на пример, наставникот/наставничката, училницата, училишниот двор, омилен лик | | Се води дискусија за просториите во училишната зграда.<br>*Наставникот дава насока да се насликаат простприите во училишната зграда и да се употребат различни нијаси на потемни и посветли бои при творење на ликовната творба.<br>*Анализа на ликовните творби. | | практичната активност за време на часот сликање на шрпсториите во училиштето;<br><br>учество во изработката на самостојни творби; |
| **Слика и колаж**<br><br>(слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...). | Создава слика со колаж од природни и вештачки материјали. | 1 | Наставникот преку техниката АСОЦИЈАЦИЈА поттикнуваат дискусија со цел учениците да го откријат поимот КОЛАЖ.<br>* Се води дискусија за природните и вештачките материјали (цветови, лисја, памук, пуканки, хартија во боја...).<br>*Наставникот дава насоки како да се создаде слика со колаж од природни и вештачки материјали.<br>*Учениците се поделени во 4 групи.<br>Секоја група добива насоки да изработи дрво со употреба на соодветната боја за секое годишно време.<br>Првата група за годишното време пролет<br>Втората група за годишното време лето<br>Третата група за годишното време есен<br>Четвртата група за годичното време зима<br>*Учениците своите изработки ги изложуваат на видно место. | цветови, лисја, памук, пуканки, хартија во боја. | усни одговори на прашања<br><br>практичната активност за време на часот изработка на дрво;<br><br>учеството во изработката на групни творби; |
| | Дизајнира едноставна слика на компјутер со употреба на основните бои. | 1 | *Преку презентација наставникот објаснува за создавање на различни компјутерски цртежи.<br>*Наставникот презентира и креира различни компјутерски цртежи кои учениците треба да ги бојат за да создадат слики на компјутер. | компјутер, телевизор, ученички компјутери; | усни одговори на прашања; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците на компјутер во програнмата Паинт бојат претходно готови шаблони(слики).<br>Учениците бојати ги употребуваат основните бои: црвена, сина и жолта.<br>*Анализа на цртежите и воочување на сличностите и разликите на истите. | | практичната активност за време на часот на комплутер; |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
|---|---|
| **Наставна тема : ПЕЧАТЕЊЕ** | **Време на реализација 5 часа** |
| **Изготвил :** Весна Бошковска | ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ“ - Скопје |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ избира и користи различни предмети кои премачкани со боја можат да дадат различни отпечатоци;
- ✓ печати самостојно и да учествува во изработката на шаблони за печатење;
- ✓ комбинира исти и различни отпечатоци за да креира шари и композиции.

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови** | **Активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни подлоги и материјали за печатење**<br><br>(печатење, подлога, материјал за печатење). | Прави разлика меѓу различни подлоги и материјали за печатење<br><br>(мазни или рапави, бели или тонирани, текстилни, пластични, дрвени и хартиени). | 1 | *Наставникот ги запознава учениците со поимот печатење и кои се материјали за печатење преку раскажување на приказна. (Детето има слобода да избере предмети од секојдневниот живот или природа (пластични чаши и шишиња, монети, балони, плутени тапи, гранчиња, лисја, материјали за рециклирање итн.) со кои детето ќе направи отпечатоци на хартија)<br>*Учениците одговараат на поставени прашања:<br>1.Кои материјали може да ги користиме за печатење?<br>*Наставникот на масичка реди различни подлоги за печатење (шаблон, печат, картон печат, отпечаток, разнлични предмети со мазна и рапава површина, пластични чаши,вилушки, дрвени хартиени предмети,текстил)<br>*Учениците добиваат насоки да ги разгледаат различните подлоги и материјали<br>*Учениците прават избор на подлога или материјал за печатење што најмногу им се допаднал и разговараат за истата. | шаблон,<br>печат,<br>картон печат,<br>отпечаток,<br>разнлични предмети со мазна и рапава површина,<br>пластични чаши,<br>вилушки,<br>дрвени хартиени предмети,<br>текстил) | усни одговори на прашања; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ги опишува разликите меѓу отпечатоците на различни подлоги. | 1 | *Учениците пред себе имаат мазна и рапава подлога. Одговараат на поставени прашања:<br>1.Дали двете подлоги се исти?<br>2. Која е разликата помеѓу нив? Објасни<br>*Учениците добиваат насока како да се печати.<br>1.Да нанесат соодветна темперна боја<br>2. Обоениот дел со умерен стисок на рака да се притисне на листот од блокот.<br>Учениците се поделени во 2 групи.<br>Првата група печати со помош на пластична чаша со бела боја на мазна површина<br>Втората група печати со тонирана боја со изработен шаблон- рапава површина.<br>*Презентација на изработките и воочување на разликите меѓу отпечатоците на различни подлоги. | | усни одговори на прашања;<br><br>практичната активност за време на часот;<br><br>изработените ликовни творби со отпечатоците на различни подлоги;<br><br>учеството во изработката на творби; |
| **Основи на ликовниот јазик во печатењето**<br><br>(печат, отпечаток, шара, шаблон). | Користи готови печати (шаблони) за печатење отпечатоци во различни форми и големини. | 1 | *Учениците дискутираат за постапката за печатење.<br>*Учениците употребуваат готови печати (шаблони) за печатење.<br>Шаблоните се со различни форми и големини.<br>Учениците употребуваат шаблони од цветови со различни форми и големини.<br>*Учениците следат насоки за самостојна работа.<br>*Изложување на самостојната работа и анализа на добиените отпечатоци кои се со различна форма и големина. | готови печати (шаблони) за печатење.<br><br>Темперни бои | усни одговори на прашања;<br>практичната активност за време на часот;<br>изработени ликовни творби цветови во различна форма и големина; |
| | Изработува печат (шаблон) самостојно и/или со помош на друг.<br><br>Прави шари со повторување на исти отпечатоци. | 1 | *Учениците од волшебната торбичка извлекуваат различни предмети (сунѓер, компир, лисја, цветови, плодови, гранки,...)<br>*Наставникот дава насоки:<br>Секој ученик предметот што ќе го извлече треба да го премачка во различни бои и да ја започне постапката за печатење.<br>Пример (ученикот ако извлече плод-лимон на едната половина нанесува боја и со силен стисок прави печат | сунѓер, компир, лисја, цветови, плодови, гранки | усни одговори на прашања;<br>практичната активност за време на часот;<br>изработени ликовни творби со печатење; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | врз бел лист. Прави шари со повторување на исти отпечатоци.<br>*Изложување на печатите и донесување на заклучок за добиените шари. | | |
| | Создава композиции со комбинирање на шаблони. | 1 | *Учениците преку квиз ги повторуваат материјалите за печатење.<br>*Учениците добиваат насоки да прават композиции од различни шаблони (пример: куќи, воз, автомобил, разни предмети)<br>*Учениците се поделени во групи.<br>Во секоја група има повеќе видови на шаблони (куќи, воз, автомобил, разни предмети) .<br>Учениците добиваат насока да создадат композиции со комбинирање на различни видови на шаблони.<br>*Избор на најдобра создадена комшпзиција со комбинирање на шаблони. | различни шаблони, предмети, играчки | усни одговори на прашања:<br><br>практичната активност за време на часот;<br><br>изработката на сопствените творби; |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ** | Време на реализација 7 часа |
| **Изготвил :** Весна Бошковска | ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ" - Скопје |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ избира и користи средства за моделирање и обликување;
- ✓ прави едноставни фигури од пластелин/тесто и хартија;
- ✓ твори со разни постапки: кинење, сечење, виткање, спојување, раздвојување, превиткување, обликување.

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | Активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни материјали средства за пластично обликување**<br><br>(глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали). | Препознава и разликува материјали за моделирање. | 1 | *Учениците следат презентација за основните средства и материјали кои би ги користеле за пластично обликување и градење при нивните ликовни изработки.( глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали)<br>* Учениците од пластелин прават смеса .<br>Следат инструкции од наставникот за обработка на пластелинот и иработка на соодветни форми во различна големина според намената (роденденска торта и колачи, накит, украси.)<br>*Учениците се поделени во групи.Секоја група изработува различни форми од пластелин.<br>*Изложување на предметите од пластелин. | пластелин<br><br>компјутер<br><br>телевизор | усни одговори на поставени прашања;<br><br>практичната активност;<br><br>изработените ликовни творби од пластелин;<br><br>учеството во изработката на сопствените творби; |
| | Идентификува природни и вештачки материјали | 1 | *Учениците преку техника ,,Минута размислување,, се потсетуваат за основните средства и материјали за пластично обликување и градење при нивните ликовни изработки.<br>( глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали) . | тесто<br>глина<br>кора од стебло,<br>семиња,<br>лисја | усни одговори на поставени прашања;<br><br>практичната активност; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни материјали средства за пластично обликување**<br><br>(глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали). | кои можат да се користат за обликување. | | *Учениците добиваат насоки од тесто,глина со помаш на обликување да изработат некое животно или куќичка. Потоа истото со помош на природни материјали (кора од стебло, семиња, лисја) да го украсат или да направат двор, живеалиште.<br>*Изложување на изработките. | | изработените ликовни творби од тесто, глина;<br><br>учеството во изработката на сопствените творби; |
| | Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето<br>. | 2 | *Учениците преку,,Грозд техника,, поттикнува дискусија за природни и вештачки материјали во обликувањето.<br>*Учениците добиваат насоки претходно изренданата бела свеќа да ја извадат на клуша.<br>*Наставнокот дели шаблон од СНЕШКО.<br>*Учениците добиваат насока на дадениот шаблон да залепат изрендана свеќа.<br>*Изложување на самостојните изработки. | свеќа<br>шаблон од Снешко<br>лепак | усни одговори на поставени прашања;<br><br>практичната активност;<br><br>изработените ликовни творби од тесто, глина;<br><br>учеството во изработката на сопствените творби; |
| | | | *Ученоците ги редат своите претходно исечени цевки во различна боја.<br>*Учениците се поделени во 4 групи.Секоја група добива шаблони со различни превозни средства.<br>*Наставникот дава насоки за работа, на секој шаблон да се залепат цевки и ќе се добие соодветното превозно средство.<br>*Изожба на самостојната активност и анализа на истата. | цевки<br>лепак<br>шаблон со превозно средство | |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основи на ликовниот јазик во пластичното обликување**<br><br>(обликување фигура, оригами, градба, рециклиран/отпаден материјал). | Прави фигури на животни, куќа, ликови од различни материјали за обликување (од пластелин и тесто | 1 | *Учениците следат претходно подготвена презентација за начинот на изработка на различни фигури.<br>*Учениците се поделени во 4 групи.<br>Секоја група добива тазлични насоки.<br>• Првата група прави фигури - овошје од пластелин<br>• Втората група прави фигури - зеленчук од пластелин<br>• Третата група изработува - семафор<br>• Четвртата група изработува- возило по избор<br>Наставникот дава насоки за работа.<br>*Изложба на групите | шластелин<br>комщјутер<br>телевизор | усни одговори на прашања ;<br><br>практичната активност за време на часот ;<br><br>учеството во групна работа; |
| | Изработува едноставни фигури од хартија (оригами). | 1 | *Наставникот демонстрира новогодишни оригами на следниов линк origami - Bing images<br>Наставникот објаснува дека можат да користат хартија во боја, салфети и сл. и да ги дизајнираат со бои и други материјали по избор. Прикажува видео клипови за изработка на новогодишни оригами.<br>Учениците изработуваат оригами – новогодишни лампиони<br>*Украсување на новогодишната елка со изработените фигури од хартија-салфети | шластелин<br>комщјутер<br>телевизор<br>хартија во боја<br>салфетки | усни одговори на прашања;<br><br>практичната активност за време на часот;<br>учеството во изработката на изработени фигури од хартија; |
| | Конструира градби од рециклиран/претходно употребуван материја | 1 | *Наставникот ги запознава учениците со поимот рециклирање.<br>*Учениците добиваат насоки од употребени пластични чаши картони, од претходно употребуван материјал да изработат зграда или робот.<br>*Наставникот дава насоки на учениците како да се употребува картонската амбалажа, начинот на спојување, лепење на деловите на роботот и зградата. Рацете на роботот да се изработат од пластични чаши.<br>*Учениците добиваат насоки да користат кутии со соодветна форма и големина за да се претстави секој дел | картон<br>пластични чаши<br>кутии со различна големина<br>лепак | усни одговори на прашања;<br><br>практичната активност за време на часот;<br><br>учеството во изработката на изработени фигури од хартија; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од телото на роботот или да изработат згради со различна големина.<br>* Изложување на изработените роботи и згради од картонска амбалажа и пластични чаши. | | |

resursi.literatura.mk